




**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**
**ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ 11- 19 сеп 2025 Билтен бр. 606**

# КАРПОШАНИ УЧЕА ЗА ВЕЛО-КУЛТУРАТА

**Претставници на невладината „Еко Логик“ денеска на свечен начин им ги доделија сертификатите на наставниците од основните училишта во Карпош, кои заедно со учениците учествуваа во проектот „Едукација за безбедност во сообраќајот и активна мобилност кај образовниот персонал и учениците од основните училишта на ниво на општина Карпош“. Инаку, овој проект го организираше здружението „Вело Училишта“ со финансиска поддршка од Општина Карпош, во кој беа вклучени сите 10 училишта на територија на локалната самоуправа.**

**Преку проектот беа постигнати неколку цели меѓу кои, подобрување на свеста и знаењата за безбедно движење во сообраќајот, поттикнување на активна мобилност преку пешачење и возење велосипед, развивање на здрави и одржливи навики кај учениците и наставниците и сл. Во рамки на проектот беа реализирани неколку теоретски и практични обуки за наставниците, како и практични сесии со основците од Карпош во состав на училишните дворови и зелените површини. Преку непосредна интеракција беше спроведена и едукативната игра „Вело патека“, преку која се надоградија знаењата и свеста кај младите карпошани, за сообраѓајната безбедност и мобилност. По учеството во проектот, основците и наставниците добија на користење соодветни сообраќајни реквизити.**



## ЗАПОЧНАА УЧИЛИШНИТЕ СПОРТСКИ ЛИГИ НА КАРПОШ

**На свечен начин, денеска во спортската сала „Наум Наумовски Борче“ беше одбележан почетокот на Училишните спортски лиги на Општина Карпош, за учебната 2025/2026 година. Во рамки на оваа традиционална спортска манифестација која ја организира Одделението за спорт и култура веќе 16 години во континуитет, основците од десетте училишта во Карпош ќе ги одмерат своите сили во фудбал и кошарка за момчиња, како и одбојка за девојчиња. Во оваа пригода градоначалникот Стевчо Јакимовски официјално ги прогласи Спортските лиги за отворени, при што им посака на основците многу успех, спортска среќа, чесна игра и ферплеј атмосфера.**

**„Денеска изгледате многу убаво, ви се гледа во очите жар за спортска борба, жар за натпреварување. Минатата година овде имавме мечови во кошарка и во одбојка. Јас посакувам оваа година сите екипи да бидат посилни, да победат најдобрите и се разбира, за најдобрите следува награда од Општина Карпош. Знаете дека секоја година организираме летување, седумдневен одмор во Грција како за вас така и за првенците на генерација и сите оние што ќе бидат најдобри. Морам да ве информирам дека од наредната година ќе ги зголемиме и стипендиите, сумата што ја даваме за спортски стипенди , така што само вие спортувајте и учете а Општината Карпош ќе стои секогаш зад вас. Сакам да споделам со вас една убава информација, имено ние го добивме судскиот спор за салата „Партизан“. Сега можете безгрижно да спортувате во неа, бидејќи салата ви припаѓа вам“ – додаде Јакимовски.**



# КАРПОШОВИТЕ ПЕНЗИОНЕРИ СПОРТУВАА И ДРУГАРУВАА

**Во организација на Одделението за култура и спорт од Општина Карпош, денеска во рамки на спортската сала „Партизан“ во Карпош 4, традиционално по 14-ти пат се одржаа „Пензионерски игри 2025“. На еднодневниот рекреативен настан членовите од пензионерските здруженија „Тафталиџе ДДД“ и „Карпош“ другаруваа и се натпреваруваа во изведување на пенали и ги одмерија своите сили во пикадо, фрлање ѓуле, трчање на 40 и 60 метри, додека пак мажите се натпреваруваа во дисциплината скок во далечина.**

**На спортско – рекреативниот настан присуствуваше и градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски, кој во оваа пригода ги поздрави присутните и им посака пријатна дружба, притоа напоменувајќи дека локалната самоуправа и понатаму ќе води грижа за нив.**

**Драги наши пријатели, убаво е кога се собираме за да се дружиме и да покажеме дека имаме натпреварувачки дух, особено луѓето на вашата возраст. Ми претставува особено задоволство што овие пензионерски спортски игри се одржуваат во веќе нашата спортска сала „Наум Наумовски Борче“. Имено, вчера добивме пресуда со која се поништува Одлуката на Владата со која ни ја земаа оваа сала. Конечната судска Одлука вели дека овој култен спортски објект мора да му припаѓа на народот, на граѓаните и дека со неа треба да управува оној којшто најдобро ќе стопанисува со салата, а тоа е Општина Карпош. Впрочем нашата цел како локална самоуправа е да создадеме најдобри услови за спорт и рекреација за жителите од сите возрасни категории – истакна Јакимовски.**
**Тој посочи дека и Општината и граѓаните од трето доба имаат реална потреба од еден современ пензионерски дом на територија на локалната самоуправа.**



# ОСНОВЦИТЕ ОД КАРПОШ И ЧАИР СОБИРАА СИТЕН ОТПАД

**Збратимените основни училишта „Владо Тасевски“ од Карпош и „Хасан Приштина“ од Чаир кои се дел од проектот на УСАИД за Меѓуетничка интеграција во образованието, денеска ја чистеа пешачката патека долж булеварот Партизански одреди во населбата Карпош 3. Во таа насока, Општина Карпош обезбеди финансиски средства кои ООУ „Владо Тасевски“ ги намени за купување на хигиенски средства и опрема за чистење. Инаку, учениците и наставниците ја спроведоа денешната акција по повод одбележување на Меѓународниот ден за чистење на планетата Земја.**

**Во оваа пригода градоначалникот Стевчо Јакимовски ги посети учениците и наставниците кои работеа на терен. Притоа тој ја поздрави нивната иницијатива со која тие директно влијаат на подигнување на свеста на граѓаните, за одржување на здравата и чиста животна околина.**

**Пред сé ја поздравувам добрата соработка која ја имаат овие две основни училишта, кои заедно се здружија и ја реализираа оваа еколошка акција. Покрај тоа што учениците ни покажаа колку се вредни и совесни, јас навистина се гордеам со сите нив бидејќи најмладите пратија порака до пошироката јавност, како сите ние треба да се однесуваме кон животната средина во која живееме – додаде Јакимовски.**



# ОПШТИНАТА ГИ НАГРАДИ НАЈДОБРИТЕ УЧЕНИЦИ И СПОРТИСТИ

**Во просториите на новата општинска зграда, денеска градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски им ги врачи решенијата за осуммесечните стипендии на талентираните ученици и спортисти од осмо и деветто одделение, за учебната 2025/2026 година. Во организација на Одделението за образование во рамки на денешната средба, првиот човек на општината додели вкупно 78 стипендии, од кои 27 за талентирани спортисти и 51 за талентирани ученици.**

**„Веќе четири пати бев градоначалник и ова ми е една од најдрагите работи, доделувањето на стипендии на талентирани ученици и спортисти. Уште подраго ми е кога ќе ме сретне некој поранешен ученик и ќе ми каже дека бил наш стипендист. Се гордеам кога ќе слушнам дека тројца фудбалери од Македонската репрезентација беа токму од Карпош и дека имаме репрезантативец во кошарка од нашата општина. Треба да знаете дека ова се ваши први заработени пари, со вашиот труд и дека има некој што тоа знае да го вреднува, за сега е тоа Општина Карпош. Ако бидете личности коишто вложуваат во себе, тоа секако ќе има позитивен резултат. Им се заблагодарувам и на советниците што никогаш не направиле проблем за стипендиите, а оттука сакам да ви најавам дека од наредната година истите ќе се зголемат за 30 отсто“ – истакна Јакимовски.**

**Според бодувањето во првата категорија во износ од 3.500 денари месечно, спортски стипендии добија 20 ученици, додека пак седум основци ќе користат спортска стипендија во износ од 3.000 денари. Стипендијата се доделува за осум месеци во текот на учебната година. За користење на спортска стипендија, апликантите требаше да достават документи дека се жители на Карпош и да приложат доказ од Националните спортски федерации, за освоено прво или второ место на некој натпревар, дека ја претставувале националната репрезентација најмалку во еден натпревар, или дека индивидуално се прогласени за најдобар спортист.**



# ПОСТАРИТЕ КАРПОШАНИ СЕ ЕДУЦИРААТ КАКО ДА СЕ ЗАШТИТАТ ОД МОЖНИ ИЗМАМИ

**На иницијатива од Одделението за превенција при СВР – Скопје, во соработка со пензионерските друштва на територија на општина Карпош, неделава започнаа едукативни работилници на тема „Заштита од измами поврзани со сообраќајни незгоди“. Акцијата произлезе од конкретниот заклучок на заедничката дебата меѓу градоначалникот Стевчо Јакимовски, членовите на Советот и претставници од локалната заедница, која пред неколку месеци се одвиваше во рамки на Локалниот совет за превенција на Општина Карпош. Иницијативата има за цел да ја зголеми свеста на граѓаните, особено на повозрасната популација, од причина што пензионерите се едни од најзагрозените групи кои се мета на различни видови измами, особено оние што се поврзани со т.н „сообраќајни незгоди“.**

**Предавањата пред повозрасните карпошани ги спроведе Главниот инспектор во одделението за превенција при СВР – Скопје, Катерина Стојкова, која низ конкретни примери ги запозна граѓаните за повеќе видови на измами и како тие да се заштитат од нив.**

**Инаку, работилниците се организираат во неколку групи со времетраење од 60 минути, а учесниците добиваат информации за најчестите методи со кои се служат измамниците. Во таа насока беа презентирани повеќе примери од реални ситуации, како и совети за препознавање на сомнителни знаци и постапки на измамниците. Покрај тоа, учесниците научија како да се заштитат од потенцијално опасни ситуации, како да избегнат злоупотреби и како да ги известат надлежните органи доколку се сомневаат во нелегални дејствија.**



# ЕВРОПСКИОТ ШАМПИОН ПО ИНФОРМАТИКА ВО ПОСЕТА КАЈ ЈАКИМОВСКИ

**Градоначалникот Јакимовски се сретна со европскиот шампион по информатика Владимир Грчев Градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски, оствари средба со младиот информатички гениј Владимир Грчев, кој неодамна освои златен медал на Европската олимпијада по информатика. Во пријатна и инспиративна атмосфера, градоначалникот му честиташе за извонредниот резултат, му посака многу успех во иднина и му вети целосна поддршка за следните големи натпреварувања. Владимир, минатата година го заврши основното образование во ООУ „Братство" – Карпош, каде беше прогласен за ученик на генерација.**

**Неговите успеси се резултат на посветеност, труд и талент, но и на квалитетната поддршка од наставничкиот кадар.**

